# Sekator во стрните жита

За сузбивање на поголемиот број широколисни и теснолисни плевели во озими и јари посеви од пченица  р’ж и тритикале, се препорачува препаратот Sekator®. Активни материи во препаратот се амидосулфурон и јодосулфурон, а заштитник (“safener”) е мефенпирдиетил.

Активните материи се системици, со различен начин на дејство и на тој начин Sekator® сигурно и ефикасно ги уништува повеќето  широколисни (како што се лепавецот-Galium aparine, паламидата-Cirsium arvens, вртипоп-Anthemis spp, повивка-Polygonum spp, камилица-Matricaria chamomilla, различник-Centaurea cyanus, граорица-Vicia spp., булка-Papaver rhoeas  и  други) и некои теснолисни плевели. Заштитникот (мефенпир диетилот) игра улога на катализатор поттикнувајќи го разградувањето на хербицидот во житата и со тоа не го попречува нивниот развој, но делува само против плевелите.

Активните материи делуваат на меристемот во вегетативните врвови, вклучувајќи го и бочниот меристем, и на тој начин го спречува повторниот развој на плевелите, пример лепавецот.

Се употребува во доза од 0,2 до 0,3кg/ha (20 – 30 g/1000m²) со 100 - 400 литри вода/ha.

Третирањето на озимата пченица и озимиот јачмен се изведува од третиот лист до почетокот на развојот на последниот лист, а во пролетните посеви од пченица и јачмен од третиот лист до крајот на братењето. Подобар ефект се постигнува ако широколисните плевели се третираат во раните фази од нивниот развој.

При употребата на Sekator нема ограничувања во плодоредот. Во случај на пропаѓање на третиран посев, после 15 дена од третирањето, на истата површина, може да се засее јара пченица или јар јачмен. Пченка може да се сее после 30 дена од третирањето.



*Лепавец*



*Паламида*



*Вртипоп*

**Дип.инг.агр. Валентин Захариев**